ЕУ за ТЕБЕ

ПРОЕКТ ЗА ДАНОЧНА ОДГОВОРНОСТ

кон граѓанска одговорност и одговорни даноци

Tax Responsibility Project – Towards Civic Responsibility and Responsible Tax

CEA We are making a difference

# ДОБРОВОЛНО ПЛАЌАЊЕ НА ДАНОЦИТЕ И ВКЛУЧЕНОСТ НА ГРАЃАНИТЕ ВО НОСЕЊЕ НА ОДЛУКИ

CEA ЦЕНТАР ЗА ЕКОНОМСКИ АНАЛИЗИ

Ана Марија Петровска

# ГРАЃАНСКИ ИЗВЕШТАЈ
# CITIZEN REPORT CARD

- Граѓанскиот извештај претставува алатка со која се оценува степенот на задоволство на граѓаните од различните локални услуги, а воедно претставува и јасно идентификување на локалните приоритети на граѓаните преку нивно директно учество во процесот.

- Информациите се засноват врз мислењата и перцепциите на граѓаните, а се собрани преку спроведување на анкети и фокус групи со граѓани.

- Целата на овие информации е од една страна да се подигне свеста на граѓаните за услугите како и за потребата од учество во носењето на локалните одлуки, а од друга страна да се спроведат реформи во системот за давање на јавни услуги.






# КВАЛИТЕТ НА ЖИВОТ - ОЦЕНКА НА ОПШТИНАТА КАКО МЕСТО ЗА ЖИВЕЕЊЕ

# НАЈДОБРО ОЦЕНЕТИ УСЛУГИ СПОРЕД ГРАЃАНИТЕ ОД РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ












# ДОВЕРБАТА ВО НАЧИНОТ НА ТРОШЕЊЕТО НА ЛОКАЛНИТЕ ДАНОЦИ Е НА НИСКО НИВО

Над 72% од граѓаните се согласуваат (делумно до целосно) дека доколку би имале повеќе информации каде и како се трошат прибраните даноци секогаш целосно и навремено и ги плаќале даноците. Речиси исто толку одговориле и дека доколку имаат повеќе информации за начинот, местото за тоа како да плаќаат даноци редовно би ги плаќале даноците.



# ПРИОРИТЕТИ ЗА КАПИТАЛНИ ИНВЕСТИЦИИ СПОРЕД ГРАЃАНИТЕ

**Гостивар**




**Делчево**




**Крива Паланка**




**Пехчево**



# КОНЦЕПТ НА ФИСКАЛНА, БУЏЕТСКА И ДАНОЧНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ

Според ММФ, фискалната транспарентност во јавните финансии е главен елемент на доброто владино управување кое понатаму води кон макроекономска и фискална стабилност и е детерминанта за повисоки стапки на економски раст.

Буџетската транспарентност е потесен концепт, фокусирајќи се на буџетските извештаи и документи во рамките на буџетскиот циклус. Се потпира на три меѓусебно поврзани столбови: 1) транспарентност, 2) учество и 3) надзор.

Даночната транспарентност на глобално ниво, како термин опфаќа отвореност на даночните податоци за цели на глобалната соработка.

# БУЏЕТСКА ТРАНСПАРЕНТНОСТ

- Според индексот на буџетска транспарентност, во фискалната 2020-2021 година, единиците на локална самоуправа Берово и Велес ги имаат максималните бодови на буџетска транспарентност, што не беше случај во претходната фискална година кога Прилеп и Град Скопје ги имаа максималните поени.

- И оваа година, покрај Статутот на општините, Завршната сметка и Усвоениот буџет се најдостапни буџетски документи кај општините, на нивните веб страници.

| Топ 14 општини | Индекси поени 2019/20 | Индекси поени 2020/21 | Промена |
|---|---|---|---|
| Велес | 15 | 16 | ↑ 1,0 |
| Берово | 14 | 16 | ↑ 2,0 |
| Прилеп | 16 | 14 | ↓ -2,0 |
| Град Скопје | 16 | 14 | ↓ -2,0 |
| Аеродром | 13 | 14 | ↑ 1,0 |
| Битола | 14 | 13 | ↓ -1,0 |
| Демир Хисар | 11 | 13 | ↑ 2,0 |
| Илинден | 14 | 13 | ↓ -1,0 |
| Делчево | 13 | 13 | → 0,0 |
| Зрновци | 13 | 13 | → 0,0 |
| Кочани | 13 | 13 | → 0,0 |
| Богданци | 13 | 13 | → 0,0 |
| Кратово | 12 | 13 | ↑ 1,0 |
| Чашка | 12 | 13 | ↑ 1,0 |

ФИСКАЛНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ КАЈ ОПШТИНИТЕ*

# ИНДЕКС НА БУЏЕТСКА ТРАНСПАРЕНТНОСТ




*Просечен индекс на фискална транспарентност за сите општини во даден статистички плански регион.

*Извор: ЦЕА - Истражување за фискална транспарентност на општините*

Проектот е финансиран од Европската унија

*"Овој материјал е изготвен во рамките на Проектот за даночна одговорност – кон граѓанска одговорност и одговорни даноци. Проектот е финансиран од Европската унија. Содржината на материјалот е единствено одговорност на авторите и на никаков начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Европската унија"*

CEA

# ДАНОЧНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ

## *Колку општините се даночно транспарентни?*

- Во зависност од постоењето на стратешки документи за даноци и управување со ризици, преку постоење на алатка или форма за поттикнување на даночната транспарентност, до објавување и достапност на информации за локалните даноци, нивното прибирање и трошење, степен на достапност на информации за даночните служби и слично, можеме да констатираме дека на ниво на РСМ општините неопходно е да работат на поголемо ниво на даночна транспарентност.

- Општини кои имаат повисок интензитетот на даночна транспарентност во споредба со останатите се: **Прилеп, Град Скопје, Кавадарци, Битола и Куманово** што укажува на постоење на добри пракси на транспарентност во делот на локалните даноци.




| Многу висок | Висок степен | Среден степен | Низок степен | Многу низок |
|---|---|---|---|---|
| | Куманово | Босилово | Гази Баба | Зелениково |
| | Битола | Гостивар | Кисела Вода | Сарај |
| | Град Скопје | Желино | Струмица | Чучер Сандево |
| | Кавадарци | Чашка | Зрновци | Лозово |
| | Прилеп | Карбинци | Пехчево | Росоман |
| | | Кочани | Струга | Петровец |
| | | Пробиштип | Боговиње | Крушево |
| | | Дебар | Врапчиште | Новаци |
| | | Василево | Неготино | Арачиново |
| | | Ново Село | Делчево | Студеничани |
| | | Кратово | Дебрца | Чаир |
| | | Брвеница | Кичево | Шуто Оризари |
| | | Свети Николе | Долнени | Дојран |
| | | Берово | Бутел | Липково |
| | | Вевчани | Конче | Ранковце |
| | | Центар Жупа | Демир Капија | Маврово и Ростуше |
| | | Демир Хисар | Виница | Теарце |
| | | Сопиште | Чешиново Облешево | Тетово |
| | | Богданци | Македонски Брод | Македонска Каменица |
| | | Велес | Кривогаштани | Пласница |
| | | Ресен | Могила | Старо Нагоричане |
| | | Илинден | Аеродром | Јегуновце |
| | | Валандово | Ѓорче Петров | |
| | | Гевгелија | Карпош | |
| | | Крива Паланка | Центар | |
| | | Охрид | Радовиш | |
| | | | Градско | |
| | | | Штип | |

# ВКЛУЧУВАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ ВО КРЕИРАЊЕ ЛОКАЛНИ ПОЛИТИКИ




Отвореноста на општините за вклучување на граѓаните во креирање локални политики е тесно поврзана со транспарентноста, која додава дополнителна вредност и перцепција дека општините го слушаат гласот на граѓаните.

Во фискалната 2020-2021 година 51% од општините спровеле форум наспроти 35% во фискалната 2019-2020 на кој биле вклучени граѓаните. Општините најчесто спроведуваат форуми за дефинирање на приоритети во буџетите за следната година.

Мал е бројот на општините кои имаат пракса покрај буџетските форуми да спроведуваат и форуми за локален економски развој (ЛЕР).

Како добри примери за вклучување на граѓаните во форуми за локални иницијативи за развој на општината во 2020 година се: Карпош, Василево, Ново Село, Крива Паланка, Куманово и Вевчани.

# ОТЧЕТНОСТ НА ОПШТИНИТЕ

Во 2021 година 47% од општините дале отчет кон граѓаните за преземените и спроведени активности на општините во 2020 година наспроти 38% во претходната година.

***Какви канали за презентирање отчет користат општините?***

Издавање документ – Отчет




Видео или објава на социјалните мрежи

Собир со граѓаните



Локални медиуми



# КОЛКУ ОПШТИНИТЕ ГО ПОЧИТУВААТ ЗАКОНОТ ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР?

Оваа година, општините се помалку респонзивни во однос на претходните години. 60 од 81 ЕЛС доставиле одговор од кои 15 од нив не го испочитувале законскиот рок од 20 дена за достава на одговор.

Сѐ уште има општини кај кои одговорните лица за посредување со барања за пристап до информации не се јавно достапни и тоа кај шест општини од кои две се урбани општини (Гази Баба и Демир Капија) и четири рурални општини (Долнени, Лозово, Конче и Зелениково).



( Образец ПП......)

**До:** ______________________________

**(имател на информацијата)**

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од: ______________________________

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, факс, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ____________________

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, факс, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:______________________________

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго ____________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго ____________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во __________, _____202_ година .** ____________________

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

# ВИ БЛАГОДАРАМ

**Повеќе за проектот:**

https://cea.org.mk/proekt-za-danochna-odgovornost-kon-graganska-odgovornost-i-odgovorni-danotsi/

https://cea.org.mk/